**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од четвртото продолжение на Шеесет и шестата седница на**
**Собранието на Република Македонија одржана на**
**6 февруари 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 14,45 часот.

На продолжението на седницата претседаваше г-динот Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

63 пратеници се присутни.

Продолжуваме со работа по Шеесет и шестата седница на Собранието на РМ.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката осум

Предлог за донесување на закон за изменување...

Ве молам министерот каде е!

Министерот да го повикате да влезе во салата.

Минуваме на осма точка.

Г-динот Амди Бајрам бара деловничка интервенција.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван г-дине заменик министер, почитувани г-да пратеници.

Би сакал во јавноста да се знае, и законодавниот дом и претседателот и сите парламентарни групи што се во Парламентот, да се знае што е опозиција, што не е во опозиција, што е власт и која пратеничка група е на власт. Мене лично, многу шпекулации и манипулации, злоупотреби над мојата политичка партија и на мојот пратенички имунитет, бидејќи ја застапувам партијата Сојуз на Роми, која е парламентарна партија, како социјалистичка партија која има еден пратеник, ЛДП, така и Сојузот на Ромите има еден пратеник, парламентарна партија.

Би сакал цел Парламент да знае, новинарите сите да знаат затоа што јас бев со минатата власт, мислам сегашната власт кои сакаа да ја срушат, кои излегоа од власта, јас бев во коалиција со ДА. Тоа е јасно, гласно како 14-ти пратеник во коалиција. Од тогаш наваму би требало и јасно и гласно секој да го знае ова, да не го толкуваат во Парламентот и во јавноста, шпекулација да биде околу мене. Јас сум пратеник од Сојузот на Ромите и нормално се гласаше за власта, тие што излегоа, ДА од власт, а ние што останавме во власта овде, тројцата пратеници од ДА и јас кој бев како коалиционен партнер од Сојузот на Ромите си останав на власта овде, но јас сум со колегите во независна група, а треба да знаат дека не сум јас пратеник на ДА, како пратеник, четврти пратеник да ме сметаат мене. Не би требало апсолутно со такви манипулации. Првата манипулација во разен печат, ВМРО Вистинска напаѓа со тоа. Јас мислам дека тоа друг пат не би требало да го напаѓаат. Доста новинари исто така, опозиција од СДСМ исто така го напаѓа. Од сега молам во Парламентот, јас сум со независната група, точно, но јас сум лидер на партија, Сојуз на роми пратеничка група во Парламентот на РМ, исто како другите две политички партии кои постојат во Парламентот г-дин претседателе. Јас мислам дека тоа е точно, можете вие да го потврдите и не треба никаква шпекулација да се прави во разен печат - одбегнати четири пратеници и моето име прво го ставаат, па после другите имиња. Можат да пишат Сојуз на ромите остана со власта, ДА си ја расипа коалицијата, а јас си останав со власта која беше и останува, значи со моите колеги независни пратеници и со ВМРО-ДПМНЕ, ДПА и ЛП.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега е јасно.

За збор се јави, за деловничка интервенција г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г-дине претседателе, мене ме интересира дали претходната дискусија влегува во документацијата, дали тоа влегува во стенографски белешки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е деловничка интервенција и таа е снимена како дискусија.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас не гледам ништо поврзано со текот на процедурата и мислам дека овие нешта што колегата ги анимира не се во мигов потребни.

Јас би сакал да имаме институт за бришење на дискусијата од стенографски белешки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе биде разгледано со Деловникот.

Г-динот Амди Бајрам повторно бара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас мислам дека јас најнормално укажав во Парламентот овде и најубаво се искажав, каде припаѓам со кого припаѓам и тоа да не се злоупотребува, затоа што јас сум пратеник овде од Сојузот на Ромите, а со кого ќе бидам и како ќе коалицирам тоа е моја лична и партиска припадност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се разбравте. Г-дин Бошков нема да ве тера каде да припаѓате, тој само мислеше дека тоа не оди во постапката, меѓутоа оди во постапката како ваше барање да објасните како да ви се обраќаат. Така да се е во ред.

Молам, очекуваме ли министерот да дојде. (За 15 минути).

Бидејќи тука е гувернерот, молам да одиме на наредната точка.

Дали се согласувате? (Се согласуваат).

Ве молам, заради тоа што не е дојден министерот кој е претставник по точката осум да минеме на точката девет.

За збор се јави г-динот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Г-дине претседателе би сакал да ве запрашам лично вас, бидејќи пред неколку дена одржавме координација со координаторите на пратеничките групи на тема одржување на вонредна седница за актуелните состојби во РМ. Вие ветивте дека на први, евентуални на втори ќе се одржи седницата. До денес немам никаква информација што станува со одржување на итна седница за разгледување на актуелните состојби во РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се обидов ако е можно да воспоставам некоја согласност меѓу пратеничките групи за итна седница, меѓутоа досега уште не ми успеало. Ако видам дека можеме да имаме доволно присутни ќе закажам.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Актуелната состојба бара итна седница. За тоа се согласивме и мислам дека треба да ставите на дневен ред одржување на една ваква седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на точката девет - Предлог на одлука за целите и задачите на монетарната политика во 2001 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор.

За збор се јави гувернерот на Народната банка на Македонија.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, според член 3 од Законот за Народната банка на РМ централната банка е одговорна за стабилноста на домашната валута, за монетарната политика и за општата ликвидност на плаќањата во РМ и кон странство.

Поаѓајќи од вака дефинираните законски обврски и земајќи ги предвид соодветните остварувања во основа може да се каже дека во 2000 година НБМ постапувајќи согласно дадените права ги оствари законските обврски.

Стабилноста на домашната валута може да се набљудува од два аспекта:

- Стабилност на интерната вредност на денарот изразена преку неговата куповна моќ односно ценовна стабилност и
- Стабилност на екстремната вредност на денарот изразена преку стабилноста на девизниот курс на денарот односно негово одржување на адекватно ниво во однос на останатите валути.

Одржувањето на ценовната стабилност е основна цел на монетарната политика на НБМ. Во 2000 година е остварена релативна ценовна стабилност и годишната стапка на инфлацијата мерена преку цените на мало декември 2000 спрема декември 1999 година, изнесува 10,8%.

Мерена преку индексот на трошоците на живот како што е тоа договорено со аранжманот на ММФ инфлацијата за 2000 година изнесува 6,1%.

Во 2000 година инфлацијата е повисока во однос на претходните неколку години, при што треба да се истакне дека причината за тоа не е монетарната политика, туку влијанието на факторите од немонетарна природа. Овде да го споменам само факторот на движењето на цените на нафтата на светскиот пазар кој што придонесе во сите земји во светот инфлацијата да е повисока во однос на претходната година. Сепак клучно е дека потенцијалните, фундаменталните

генератори на инфлацијата, како што се монетарната политика, фискалната политика, девизниот курс и платите останаа под контрола и координирани. Заради тоа централната банка цени дека влијанието на немонетарните фактори предизвикуваат пораст на инфлацијата во 2000 година, се од привремен карактер и дека во 2001 година инфлацијата ќе се врати на нивото од претходните неколку години. Мерена според индексот, на трошоците на живот годишната стапка на инфлација во 2001„ година на декемвриска основа предвидено е да изнесува 1,2%. Со тоа НБМ продолжува со интенцијата да ја одржува стапката на инфлација на ниско, стабилно и предвидливо ниво. Согласно емпириски потврдените сознанија дека ценовната стабилност создава најповолен макроекономски амбиент за забрзан долгорочен, одржлив економски растеж.

Вториот аспект на стабилноста на домашната валута е одржување на стабилноста на девизниот курс на денарот. Во тој контекс НБМ во целост успеа да го одржи номиналниот девизен курс на денарот во однос на германската марка над таргетираното ниво од 31 денар за една германска марка. Стабилноста на девизниот курс е одржана во услови кога на девизниот пазар понудата значително ја надминуваше побарувачката за девизи. Тоа детирминираше потреба НБМ да интервенира на девизниот пазар за да спречи апресијација на денарот, така што од почетокот на годината, па заклучно со крајот на 2000 година на нето основа се откупија 190 милиони долари.

По однос на останатите валути надвор од зоната на еврото денарот продолжи да флуктуира согласно промените на девизниот курс на германската марка односно еврото согласно другите валути на светските девизни берзи.

За НБМ посебен предизвик во 2000 година, претставуваше над плански високиот откуп на девизи на девизниот пазар. Само добрата координација помеѓу монетарната и фискалната политика и високиот пораст на депозитите на државата кај НБМ овозможи адекватно стерилизирање на монетарните ефекти од девизните трансакции на централната банка. Високиот откуп на девизи на девизниот пазар влиаеше во правец на зголемување на бруто девизните резерви на НБМ.

На крајот од годината тие постигнаа 713,6 милиони долари, што во однос на крајот од 1979 година претставува пораст од 235,5 милиони долари. Во 2000 година, продолжи трендот на зголемување на депозитите кај банките како одраз на постепено јакнење на довербата на економските субјекти и во банкарскиот сектор. Така вкупните депозити на недржавниот сектор кај депозитните банки во периодот декември 2000, декември 1999 година, се зголеми за 6 милијарди и 906 милиони денари или за 23,1%.

Од особено значење е да се истакне дека во 2000 година е регистрирана значајна експанзија на кредитната активност на банките. Вкупните пласмани на банките кај недржавниот сектор во декември 2000 година во однос на истиот месец 1999 година беа повисоки за 6 милијарди 142 милиони денари или за 17,2%. Тоа се должи на добрата координација на монетарната и фискалната политика кои создадоа предуслови за ваков пораст на кредитите на значително зголемена ликвидност на банките на елиминација на кредитните лимити од страна на НБМ и на зголемениот депозитен потенцијал кај банките.

Монетарната политика за 2001 година, е дефинирана во пакетот на макроекономските политики инкорпорирани во аранжманот со ММФ. Во основа монетарната политика во 2001 година ќе биде насочена кон одржување на стабилен макроекономски амбиент како предуслов за остварување на долгорочен одржлив економски растеж. При тоа преку адекватна понуда на пари и кредити ќе се поддржи остварувањето на проектираниот економски растеж избегнувајќи истовремено монетарната понуда да претставува извор за нарушување на ценовната стабилност.

Во 2001 година, НБМ ќе продолжи да ја применува монетарната стратегија на таргетирање на девизниот курс кој понатаму ќе се користи како номинална квота во македонската економија. Така номиналниот девизен курс на денарот во однос на германската марка и во 2001 година ќе се одржува на таргетираното ниво од 31 денар за една германска марка. Одржувањето на стабилноста на девизниот курс на денарот како посредна цел ќе биде насочено кон остварувањето на крајната цел на монетарната политика и стабилноста на цените. При тоа годишната стапка на инфлација мерена преку индексот на трошоци на живот е проектирана да изнесува 1,2%, декември 2001 спрема декември 2000 година. Земајќи ги предвид претпоставките за стапката на инфлација реалниот пораст на бруто домашниот производ и порастот на реалната

побарувачка за пари во 2001 година се проценува дека номиналниот пораст на понудата на пари изразен преку паричната маса ем 1 ќе изнесува 12%. Паричната маса ем 2, денарски дел и нашироко дефинираната маса ем 4 во 2001 година треба да остварат пораст од 12,1 односно 13,3%.

Проектираниот пораст на паричната маса ќе овозможи нормално извршување на стоко-паричните трансакции во економијата и адекватна ликвидност на банкарскиот сектор, а истовремено нема да влијае во правец на нарушување на стабилноста на домашната валута.

Стабилноста на монетарниот мултипликатор односно постоењето стабилна врска помеѓу примарните пари и паричната маса е земена како појдовна претпоставка при проектирањето на примарните пари. Според тоа, за да се оствари проектираниот пораст на паричната маса предвидено е во 2001 година, примарните пари да се зголемат за 12%. Емисијата на примарни пари е предвидено да се врши преку девизните трансакции на НБМ. Имено, во 2001 година, се предвидува понудата да ја надминува побарувачката на девизи на девизниот пазар. Согласно Стратегијата на таргетирање на номиналниот девизен курс на денарот во однос на германската марка, за да се одржи девизниот курс на денарот на таргетираното ниво се предвидува и во 2001 година НБМ да продолжи со откуп на вишоците на девизи на девизниот пазар. Емисијата на примарни пари врз основа на девизните трансакции на Централната банка ќе биде поддржана преку понатамошно зголемување на депозитите на државата кај НБМ.

Подршката на монетарната политика од страна на фискалната политика, преку порастот на депозитите на државата кај НБМ ќе овозможи зголемување на примарните пари да биде ставено во функција на динамизирање на кредитната активност на банките.

Во 2001 година се предвидува НБ да продолжи со користење на индиректни пазарни инструменти на монетарно регулирање. При тоа најупотребуван инструмент ќе биде аукцијата на благајнички записи преку која ќе се врши регулирање на нивото на ликвидноста во банкарскиот сектор. Во контекстот на промените на инструментариумот на монетарно регулирање треба да се истакне дека реализацијата на дел од критериумите за извршување, содржани во аранжманот со ММФ ќе се одвива во квалитетно различен амбиент. Имено, отсуството на директни инструменти, како што беа кредитните лимити на банките ги усложнува работите на Централната банка, но таа останува доследна на определбата да користи исклучиво индиректни пазарни инструменти на монетарно регулирање.

Во 2001 година се предвидува да продолжи тенденцијата на пораст на депозитите кај банките. Се предвидува вкупните депозити на недржавниот сектор кај банките во 2001 година да се зголемат за 5 милијарди и 139 милиони денари или за 13,6%. Порастот на депозитите треба да произлезе од зголемената доверба на економските субјекти во банкарскиот систем, како резултат на стабилниот макро-економски амбиент, зголеменото ниво на доход на економските субјекти при проектирано интензивираше на економската активност, почетокот на исплатата на обврзниците за т.н. старо девизно штедење, промената на законската регулатива за функционирање на Фондот за остварување на депозити и зголеменото присуство на странските инвеститори во банкарскиот систем на РМ.

Монетарната проекција за 2001 година предвидува и продолжување на интензивираната кредитна активност на банките регистрирана во 2000 година. Тоа е конзистентно од очекуваниот пораст на депозитниот потенцијал на банките и порастот на депозити на државата кај Централната банка.

Вкупните кредити на банките во корист на недржавниот сектор во 2001 година треба да се зголемат за 5 милијарди 420 милиони денари или за 13,1%. Со овој пораст на кредитите на банките на недржавниот сектор монетарната политика ќе биде во функција на остварува на предвиденото динамизирање на економскиот растеж на Република Македонија. Истовремено, се очекува да продолжи тенденција на намалување на учеството на нефункционалните пласмани во вкупната кредитна изложеност на банките.

И да завршам, вака дизајнираната монетарна проекција е во функција на реализирање на основните непосредни и посредни цели на економската односно монетарната политика: одржување ниска стапка на инфлација што, мерена преку индексите на трошоците на живот, не треба да биде повисока од 1,2%; одржување на стабилен девизен курс од 31 денар за една германска марка и остварување на реален

пораст на бруто општествениот производ од 6%.

Доколку во 2001 година не се случат некои непредвидени екстремни шокови од типот на Косовската криза и доколку сите дисциплинирано ги извршуваме поставените задачи во својот домен, јас сум оптимист дека овие цели ќе ги реализираме. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на одлуката.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на основот на Предлогот на одлуката. - Точка 4 и за додавање нов ред по точка 4.

Отворам претрес по амандманот на основот на Предлогот на одлуката поднесен од ЗПК:

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на точка 4 - поднесе од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по точката 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претресот по Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Текстот на Предлогот на Одлуката.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

59 пратеници гласале.

Ги молам службите да утврдат точен број во салата.

Немаме доволен број на пратеници во салата.

Во салата имаме 60 пратеници.

Молам, нека влезат пратениците во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Сега ќе имаме кворум.

Мораме да го повториме гласањето.

Молам да гласаме.

63 пратеници се присутни од кои 57 гласале. 52 гласале за, 2 се воздржани и 3 се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за целите и задачите на монетарната политика во 2001 година.

Се враќаме на 8-та точка. Тука е министерот за финансии.

Минуваме на 8-та точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Има збор министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сакам да укажам дека се работи за измени на закон со кој се врши доградба на трезорскиот систем во РМ, нешто што е извонредно важно за добивање на подобар механизам за управување со приходите и со расходите во буџетската администрација, што на долг рок има позитивни импликации, работењето со буџетот и со средствата со кој располага. Ова е во контекст на реформите што се вршат во корелација со ММФ. Можам да кажам во тој правец одиме со темпо кое е многу задоволително, дури и побрзо отколку што се очекуваше.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетот.

Ве молам да гласаме.

59 гласале. 55 гласале за, 1 воздржан и 3 против.

Јас не можам сега да констатирам каков е резултатот, бидејќи мораме да утврдиме точен број на пратеници во салата.

Ги молам службите да пребројат колку пратеници се во салата.

Имаме 60 пратеници во салата.

Ова гласање не важи.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи треба да извршиме важечко гласање.

61 пратеник се присутни во салата.

Можеме да гласаме.

Молам, да гласаме повторно.

61 пратеник се присутни во салата од кои 59 гласале.

58 пратеници гласале за, 1 воздржан и никој не гласал против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 59 гласале. 55 пратенеци гласале за, 4 воздржани и никој не гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 2 став 1, за менување на уводната реченица на член 5.

Пратеникот Кирил Андоновски поднесе амандман за додавање нов член 5-а во член 5, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски, поднесе амандман на член 1, за бришење на став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, за бришење на став 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, за менување на уводната реченица, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5, на уводната реченица поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а, по членот 5, поднесен од пратеникот Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од 60 присутни пратеници, 57 гласале. 50 пратеници гласале за. Двајца воздржано и 5 гласале против.

Немаме доволно пратеници во салата.

Дајте да утврдиме дали имаме доволен број на пратеници во салата.

Не важи гласањето бидејќи немаме доволен број на пратеници во салата.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам пратениците да влезат во салата, да си седнат на своите места, за да утврдиме точен број на пратеници.

Ги молам пратениците да ги исклучат мобилните телефони.

Молам службите уште еднаш да утврдат точен број на пратеници во салата.

Сеуште немаме доволен број пратеници во салата, молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Давам пауза од 10 минути да ги приберете луѓето и сите пратеници да дојдат овде во салата.

(Пауза од 15,30 до 16,50 часот).

Можеме да продолжиме.

Господинот Пранговски нешто процедурално сака да извести.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Господине претседателе, господа министри во Владата, почитувани колеги пратеници, во овој момент во името на Илија Прангоски, Томислав Петровски и Трајко Гешоски, сакам да објавам пред колегите пратеници во Македонскиот Парламент и пред македонската јавност дека од овој момент Илија Прангоски, Томислав Петровски и Трајко Гешоски се членови на ВМРО-ДПМНЕ. (Аплауз).

Има благодарам на колегите за поддршката и за аплаузот, сакам да кажам дека постоеја повеќе причини за оваа наша определба, меѓутоа, сакам јавно да кажам дека не се работи за никаков притисок, ниту други мерки и методи, туку се работи за лична определба поединечна на секој од нас тројца, која е дефинирана во една заедничка определба и денеска е реализирана.

Сакам да кажам дека сметаме како граѓани на Република Македонија и претставници на граѓаните на Република Македонија во овој Парламент, дека со нашата постапка конечно ќе припаѓаме таму каде се нашите идеолошко -политички ставови, но и дека ќе придонесеме во иднина Владата на РМ, парламентарното мнозинство да истрае и продолжи на оној пат кој е зацртан и кој многу бргу ќе ги донесе сопствените резултати.

На нашата досегашна партија и благодариме за се, сакаме да се разделиме чесно, фер и демократски, им посакуваме натамошен успех и опстојување на политичката сцена во Македонија.

Ви благодарам на вниманието и на поддршката. (Аплауз).

На крајот, со една мала доза на емоција сакам да му порачам на господинот Томислав Стојановски дека сум му лично благодарен за изречената поддршка пред 15-тина минути кога ми рече "добредојдовте дома". Јас му реков "добро ве најдовме дома". (Аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, од овој момент пратениците Пранговски, Петровски и Гешовски се членови на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е објавата. Молам да го имаме во предвид. Благодарам.

Одиме понатаму. Дојдовме до гласање.

Го заклучив претресот по текстот и Предлогот на законот го ставив на гласање. Бидејќи немавме доволно пратеници во моментот на гласањето, не можевме да гласаме, т.е. гласањето покажа дека кога гласавме дека некој излегол и не сме можеле да извршиме гласање. Затоа ве молам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници во салата гласале 57, од кои 57 "за", нема "против", нема "воздржани".

Ве молам, бидејќи е ова гласање за закон, службите да утврдат точен број пратеници во салата.

65 пратеници, а во моментов на гласање има 64, но господинот Делче Ицков влезе и сега се 65.

Ве молам објавениот резултат од гласањето важи.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

Минуваме на 10-тата точка.

Предлог на одлука за девизната политика и проекција на платниот биланс на Република Македонија за 2001 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Како ќе појаснам дека се работи за редовна одлука врз база на макроекономската политика и девизната политика во РМ, која во начело предвидува зголемување на извозот во 2001 година за 14% во услови на намалени даноци и намалени камати на банките, како и зголемена конкуретност.

Исто така во услови на либерализација, пред се во девизното работење со усвојувањето на новиот Закон за девизно работење, кој е во собраниска процедура и во услови на повеќе договори за слободна трговија и скоро потпишаниот договор за слободна трговија со Украина и Договорот за асоцијација и стабилизација кој треба да се потпише со Европската унија.

Со оваа одлука се предвидува поголема контрола на квалитетот на увозот и се предвидува стабилен девизен курс во 2001 година, како и пораст на девизните резерви за 75 милиони американски долари.

Тоа е накратко што би можел да го спомнам како вовед во оваа одлука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката.

ЗПК поднесе амандмани на основот на Предлогот на одлуката, точка 2, став 3 и 5 и за додавање текст на крајот на текстот на Предлогот на одлуката.

Отворам претрес по амандманот на основот на Предлогот на одлуката, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на точка 2, став 3 и 5 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање текст на крајот на текстот на Предлогот на одлуката, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 68 пратеници 59 гласале. 53 пратеници гласале "за". 3 пратеници гласале "воздржано". 3 пратеници гласале "против".

Молам од службите да утврдиме точен број на присутни пратеници, ова е акт.

67 присутни, значи гласањето важи.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за девизната политика и проекција на платниот биланс на Република Македонија за 2001 година.

Минуваме на 12-та точка.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, овој закон е еден од групата на закони со кои се подобрува законската регулатива во РМ во областа на даночното работење.

Како што знаете, Владата на Парламентот предложи намалување на група на даноци како што е ДДВ, со кој се намалија стапките на ДДВ кај становите, кај земјоделските материјали, репроматеријали и кај медицината, а исто така предлози и беше усвоен Закон за измени на Законот за персонален данок со кој се намали персоналниот данок на ниво на кое е еден од најниските во светот.

Денеска пред вас е измената на данокот на добивка каде имаме измени кои

се осмислени и стручно верифицирани, каде имаме мерки кои се осмислени и стручно верифицирани и се компаративни во однос на другите земји поповолни особено во однос на другите земји во регионот. Со ова намалување на даноците на персоналниот, на ДДВ, на царините, намалувањето на каматите кое е во земјата, се создаваат повеќе услови и повеќе простор за развој на приватниот сектор. Она што е потребно на приватниот сектор, на приватните компании за нивен развој, за нивно овозможување за поголем бизнис, за поголем профит, можност за поголеми вработувања се токму овие мерки. Со измените на данокот од добивка вршиме приближување на овој закон кон земјите кои имаат пазарна економија и кои многу повеќе се развиени од РМ, така што законот ќе стане разбирлив за граѓаните и инвеститорите кои доаѓаат од даночните системи од Западна Европа.

Со данокот од добивка, со измените и дополнувањата останува една од најниските стапки во светот 15%.

Понатаму, се вршат дополнителни даночни ослободувања и олеснувања во споредба со постојниот закон.

Прво, имаме за новите даночни обврзници, пресметаниот данок за првата година да се намали за 50% со цел да се стимулира претприемачката иницијатива и отворање на нови претпријатија. На обврзникот на данок кој за прв пат почнува со вршење на дејност во првата година во која искажува добивка пресметаниот данок му се намалува за 50% под услов да продолжи со вршење на дејноста најмалку уште 3 години од денот на користење на намалувањето. Во спротивно тој би бил должен неплатениот данок во износ ревалоризиран со стапката на пораст на цените на мало да го врати. Како обврзник кој за прв пат почнал со вршење на дејност не се смета обврзникот кај кого дошло до статусни промени, спојување, припојување, поделба, сопственичка трансформација и слично.

Понатаму, имаме ослободување за тековни инвестиции наместо реинвестирана добивка. Постојното решение за ослободување на обврзниците од данок од добивка по основ на реинвестирана добивка се заменува со решение според кое на обврзникот му се намалува даночната основа за износот на тековни инвестиции во основни средства. За проширување на сопствената дејност најмногу до 25% од основата. Од ова ослободување исклучени се инвестициите во патничките автомобили, мебел, теписи, уметнички дела и други луксузни производи.

За странските вложувања за да се привлече странскиот капитал во РМ во законот се предвидени стимулативни мерки според кои на обврзникот кај кој се вложени средства од странски лица му се намалува пресметаниот данок сразмерно на учеството на странскиот капитал под услов учеството на странскиот капитал да изнесува најмалку 20% во вкупно вложениот заеднички траен капитал. Од вложени средства од странски лица во смисла на овој закон се смета и откупот на акции од страна на странско лице што ослободувањето се однесува за период од првите три години, почнувајќи од годината во која се остварува добивката под услов обврзникот кој го користел ова ослободување да работи најмалку уште 3 години по истекот од последната година во која го користел правото на даночно ослободување.

Понатаму, имаме за обврзниците чии акции котираат на берзата имаме намалување на данокот од 50%. Ова е посебна мерка на даночна поволност која е во функција на развојот на берзата во РМ и со ова решение се предлага, како што спомнав намалување на данокот во висина од 50% од пресметаниот данок на добивка за обврзникот кој котира на официјалните пазари на македонската берза од моментот на котација во наредните три години.

Ова даночно намалување ќе се користи до 31.12.2005 година.

Понатаму имаме капитални добивки од хартии од вредност, нема да се оданочуваат во 2005 година. Капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност, опрема и недвижен имот ќе се оданочуваат во висина од 70% од остварената добивка за разлика од постојните решенија, според кои краткорочната капитална добивка целосно се вклучува во даночната основа, а долгорочната во висина од 50% од разликата.

Капиталните добивки остварени од хартии од вредност, нема да се оданочуваат до 1.01.2006 година со цел да се придонесе за развојот на пазарот на хартии од вредност во РМ.

Една од најзначајните новини кои се воведуваат со овој закон претставува можноста загубите од деловни, финансиски, неделовни трансакции да можат да се пренесуваат на товар на добивката во идните пресметковни периоди, но најмногу

до 3 години сметано од годината во која се искажани.

Обврзникот кој искажува загуба ова право ќе го оствари со одобрение од органот на јавни приходи по поднесено писмено барање. Правото не може да се користи во случај на промена на статусот на даночниот обврзник по основ на спојување, припојување, подобра сопственичка трансформација и слично.

Со овие измени се овозможува забрзана амортизација, што е една од доста важните работи и се признава намалување на даночната основа за инвестиции, модернизација и екологија.

Исто така се даваат одредени стимулации и приближување во неразвиени подрачја во РМ и други стимулации кои се одредени во овој закон.

Ќе го потенцирам уште еднаш она првото што го спомнав, секој нов бизнис, секоја нова инвестиција на нова компанија за да се намали ризикот на инвестирањето во нова компанија во првата година се ослободува со 50% од данокот на добивка. Сите овие стимулации и уште еднаш ќе повторам заедно со големите намалувања кај данокот од добивка, заедно со намалувањата и измените кај персоналниот данок на доход, заедно со 4.000-те тарифи кои ќе се намалат, претпоставувам дека тоа ќе го усвоите со Законот за царинска тарифа, претставуваа големо растоварување на стопанството и отвораат простор за поволен бизнис на приватниот сектор, во најголем дел се резултат од успешното воведување на ДДВ во април минатата година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 61 пратеник гласале "за", четворица "воздржани", никој не гласал "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 60 гласале "за", двајца се "воздржани", еден гласал "против".

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на членовите: 1, 7 и 11 за менување на став 1, член 16, став 1, член 18, член 19, член 20 став 1, член 26 став 1, член 28 став 1, член 2, член 30 став 7, член 37 став 1, член 38 став 7, член 40 став 1 и на член 51.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11, за менување на став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 18 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

64 пратеници гласале, од нив 20 гласале "за", 9 "воздржани" и 35 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 7, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претр9С по амандманот на член 38 став 7, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 51, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

65 пратеници гласале, од кои 62 "за", двајца "воздржани" и 1 против .

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка.

Преминуваме на 14-тата точка - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за акцизи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сакам да потенцирам дека со измените на Законот за акцизи се анулира, целосно се брише акцизата за кафе. Ова е од причина што ценевме прво дека давачките за увоз на кафе се многу високи и дека постои голема мотивација за шверц. Со ова сакаме да ставиме крај на секаков можен шверц на кафе. Цениме дека давачките по однос на царина кои остануваат ќе бидат поголеми затоа што ќе биде намален шверцот предизвикан од високи давачки. Со оваа граѓаните ќе пијат и поевтино кафе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за акцизите.

Ве молам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници, гласале 61 пратеник, од кои 58 "за", тројца "воздржани" и ниеден пратеник не гласал "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од 64 присутни пратеници, гласале 62 пратеници, од кои 57 "за", четворица "воздржани" и 1 пратеник гласал "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани за менување на член 2, за бришење на членовите 3 и 4 и на член 5.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 3 и 4, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од 65 присутни пратеници, гласале 62 пратеници, од кои 14 "за", 8 "воздржани" и 40 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од 66 присутни пратеници, гласале 64 пратеници, од кои 60 "за", тројца "воздржани" и 1 "против".

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за акцизи.

Преминуваме на 15-тата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, со измените на Законот за царинска тарифа кој е пред Вас, Владата предлага намалување на околу 4.000 царински тарифи, претежно царински тарифи на стоки кои се увезуваат, а кои се репроматеријали и суровини за производство во Република Македонија, претежно репроматеријали и суровини кои или не се произведуваат во Македонија, или се произведуваат во многу мали количини, а сепак беа оптоварени со царина.

Исто така, со измените на овој закон се врши намалување на царински тарифи кај стоки и готови производи кај кои постоеше висока царина и постоеше можност и мотивација за шверц. Такви се да кажеме некои компјутери, во делови, цели компјутери, чоколада и т.н., за кои давачките беа преголеми и овозможуваа една мотивација за шверц.

Со Законот истовремено вршиме и целосна, односно речиси целосна хармонизација на номенклатурата на Царинскиот тарифник на Република Македонија со царинскиот тарифник на Европската Унија. Велам речиси, бидејќи само на еден вид производ ќе останеме неусогласени со Европската Унија, а тоа се автомобилите. Доколку извршивме хармонизација и кај автомобилите, постоеше можност да дојде до зголемување на царината на автомобилите кои се кубикажа меѓу 1.500 и 2.000 м3, така што се одлучивме за овој дел по консултациите што ги извршивме со повеќе страни и со повеќе меѓународни институции, со кои сме во преговори за евентуално намалување на царините, односно акцизите на автомобилите, за кои е сеуште неизвесно, сепак до крајот одлучивме во овој момент, во овој период, да останеме на истите царински стапки и да ги продолжиме преговорите во врска со намалување на акцизата на автомобилите во наредните три до четири месеци.

Од таа причина, Владата интервенираше со амандман кој веќе Ви е поделен, во кој што делот што се однесува на автомобилите останува по старо неусогласен, а можам да кажам и дека немаме некаков притисок толку брзо да се усогласиме, затоа што ова не ни е краен рок.

Значи, уште еднаш ќе потенцирам дека со намалување на овие 4.000 царински тарифи прв пат во Република Македонија се врши големо намалување на царинските тарифи, за да им се овозможи на приватните компании да произведуваат поевтин производ кој ќе биде поконкурентен со странските производи во Република Македонија. Значи, му се овозможува на домашниот производ да биде поконкурентен по цена со странскиот производ во Република Македонија, како прво и како второ, на домашниот производ му се овозможува да биде поконкурентен и на странскиот пазар.

Она што беше до сега карактеристично во Република Македонија беше тоа што се чувствуваше како да имаме царинска тарифа која делуваше како да е направена за друга држава. Имено, таа голема група на суровини кои воопшто не се произведуваат во Република Македонија, се прибираа царини кои царини придонесуваа домашниот производ на домашниот пазар да биде поскап од странскиот производ. Еклатантен пример беа одредени стоки од Република Словенија кои во Република Македонија заради Договорот за слободна трговија доаѓаа со 1% царина, значи речиси без царина и кои што кога се произведуваа во Словенија, словенската држава ги има ослободено од царина суровините со кои се произведуваа затоа што и тие немаа таков вид на суровина, додека ние ги оптоварувавме со царина. Цели 10 години непотребно се оптоваруваа со царина, суровини за производство во Република Македонија, кои треба да бидат конкурентни на странскиот пазар и конкурентни на домашниот пазар.

Ве молам овие измени да ги усвоите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, господине министер, дами и господа пратеници, предложениот закон оди во насока за активирање на нашето стопанство и во догледен период ние ќе можеме да ги видиме ефектите, а на крајот и на планот на вработеноста. Јас на текстот му давам поддршка. Едно ситно прашање остана за мене неосветлено, а тоа се однесува на увозот на половни или користени автомобили.

Според постојната тарифа, кај нас е дозволен увоз на стари возила до шест години. Од друга страна, гледаме по нашите улици се почесто возила, кои носат регистарски таблички од соседството. Јас би кажал, дека ги има дури и од Босна и Херцеговина. Корисници и поседувачи на тие возила се граѓани на Република Македонија, кои своето живеалиште го имаат тука на некој начин се одбегнуваат давачките кон оваа земја, се одбегнува одговорноста и должноста како граѓанин да им се одговори. Но, јас не би ја лоцирал одговорноста исклучиво кај тие кој така постапуваат. Мое длабоко убедување е дека "тенкиот паричник" е една од главните причини, а од друга страна, и високите давачки за увоз на старо возило, а исто така и премалата старост, всушност, кое се бара.

Јас би сакал од министерот да чујам дали Владата размислува нешто во таа насока да промени, или ќе се истрае на тоа во Република Македонија да се допуштаат исклучиво нови возила, или, доколку се стари, тогаш да се со толкава старост, да не се ни интересни за увоз.

Алармантно е за мене бројот на возила што ги гледаме по улиците каде што табличките на тие возила не се од Република Македонија.

**ЈОРДАН БОШКОВ:** (Продолжение):

Само за илустрација, во земјите на Европската Унија со која брзо ќе потпишеме спогодба за стабилизација и асоцијација вакво однесување не се толерира. Тамошните граѓани, па и новите нивни содржавјани, односно гастрабајтери уредно плаќаат на тие земји за возилото кое што го користат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван министер, јас би сакал околу вашето излагање малку да ве пофалам, можеби треба и малку повеќе вас и Владата на Република Македонија што решивте на седница на Влада на толку артикли, за толку суровини на Република Македонија од увоз да се намали царината. Но, едно не ми е јасно.

Дали тоа се однесува само на бивша Југославија, или е отворено за сите држави.

Исто така, сакам да знам дали и ДДВ за овие производи, затоа што за индустрија кога се работи и кога се работи за производство однапред се плаќа ДДВ и царина, која сега се намалува. Сега сакам од министерот да слушнам каков е ставот на Владата за ДДВ затоа што сите сакаме да знаеме во Република Македонија ако одиме на 4000 артикли, од тие можеби 200, 300 или 500 се индустриски артикли за производство, без разлика дали текстил или други дејности, во Република Македонија Владата ако решила да овозможи вработување и граѓаните да почнат да се занимаваат со дејност која треба да биде профитабилна во Република Македонија за да би можело во Европа и на бившите југословенски простори да постигнат конкурентни цени. Ова ме интересира затоа што има многу граѓани кои го следат овој Парламент, да знаат бидејќи има многу што сакаат да се вклучат во бизнис, многу сакаат да се вклучат во производство, во

други работи, па да им биде малку појасно на граѓаните.

Инаку, јас ова ќе го поддржам и нормално пофалба за Владата и министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Да му се заблагодарам на пофалбите на пратениците, но и да одговорам на некои поставени прашања.

Прво, што се однесува до тоа дали овие мерки важат само за поранешните југословенски простори да потенцирам дека оваа Влада има расчистено со тие работи и овие мерки не важат само за бившите југословенски простори туку важи за сите простори и ако кон нешто се ориентира Република Македонија тоа е кон Европската Унија.

Сите овие царински ослободувања важат за увоз на било која држава во светот.

Втората работа која што сакам да ја потенцирам е околу автомобилите. Ние сме потполно свесни дека состојбата со давачките за автомобили е доста сензибилна и давачките се високи. Владата подолг период води преговори и врши притисок врз меѓународните институции во правец на постигнување на согласност за намалување на давачките за автомобили. Меѓутоа, таа согласност сеуште ја немаме постигнато. Ние не сакаме аранжманот со меѓународните институции да го прекинеме само заради еден проблем. Ние ќе ги продолжиме нашите настојувања во овој правец и се надеваме дека ќе успееме, но во овој момент не може да се даде никаква гаранција дека ќе успееме, затоа што сеуште е неизвесно. Значи, сакав да кажам дека сме свесни за таа состојба и дека ја пренесовме и во меѓународните институции дури со бројки и со показатели на увезени автомобили кои што се возат од Бугарија, Албанија, и од други држави и продолжуваме во настојувањата да се најде решение за ова прашање кое што ќе биде поволно и за државата и за граѓаните на Република Македонија.

За данокот на ДДВ, начинот на ослободување од ДДВ покрај овој концепт што го имаме во Република Македонија, кој што всушност е концепт во најголемиот број на земји во светот вклучувајќи ги и земјите од Западна Европа, од другите држави на начин на поврат. Значи, не претходно ослободување туку поврат. И тоа има добри и лоши страни. Добрата страна е што има огромна гаранција дека не може да се врши затајување или многу тешко може да се направи затајување, а резултатот го видовме. Видовме колку пораснаа приходите во буџетот колку се намали сивата економија и како резултат на тоа имаме намалување на персонален данок имаме намалување на царини, имаме намалување на други давачки, на ДДВ, на акцизи на кафе и т.н., и имаме простор за понатамошно и понатамошно намалување. Значи, оставивме во Буџетот една ставка - недефинирани мерки од 4,7 милијарди денари, која што би требало, доколку се оди добро во јуни да ни овозможи натамошни мерки на економската политика во правец на растеретување на стопанството, на компаниите, на приватниот бизнис во Република Македонија.

Негативната страна е тоа што однапред треба да се ангажираат средства. Тоа е мало оптеретување на компаниите, но верувајте навистина тоа носи на долг рок многу подобра можност за Република Македонија отколку кога би поминале на систем на претходно ослободување. Тогаш се отвораат можности за затајување и се ова што го споменав како придобивка ќе стане невозможно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници, мислам дека овој закон заслужува внимание како и сите претходни од економската сфера, затоа што многу добро се сеќавам дека во ерата на предизборието кога зборувавме пред граѓаните на Република Македонија дававме одредени ветувања кои што се движеа во насока на намалување на даноците, на намалување на царините и овозможување на стопанството поефикасно да работи на тој начин. Сега пред нас е токму еден таков закон за измени и дополнувања на царинската тарифа со тоа што околу 4000 производи и се намалува царинската стапка. Со тоа всушност она што го кажа господинот премиер дека на стопанството му се дава подарок околу 170 милиони германски марки, тоа е всушност овој закон кој ќе го овозможи тоа.

Јас го делам мислењето на независните пратеници дека Владата и понатаму продолжува со реформи во овој сектор кој што на граѓаните на Република Македонија ќе им овозможи сигурно една подобра перспектива ако се биде онака како што треба. Јас се надевам дека ќе

функционира во оваа држава, затоа што почна да се покажува дека со воведување на ДДВ се елиминира дел од сивата економија и тие средства се со домаќинско работење ќе можат повторно да се вратат во стопанството токму на овој начин.

Затоа од мое име и од името на независните пратеници ќе гласаме за донесување на измените и дополнувањата на Законот за царинска тарифа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас му се заблагодараувам на министерот за целосното образложение на поставените прашања.

Ова прашање ми беше поставено како блиц прашање за да знае целата македонска јавност. Кој сака да се вклучи во производство, кој сака вработување во Република Македонија дека репроматеријалите ќе бидат смалени, ќе можат да се вклучат во производство, ќе можат разни фирми да отворат, а тоа значи дека ќе има вработување во Република Македонија.

За ДДВ тоа е убава работа за да не се манипулира, а бидејќи министерот не кажа јас ќе кажам дека ДДВ бидејќи се уплаќа при влезот на репроматеријал кога ќе се извезува, ако се извезува од истиот производ ДДВ се враќа назад. Тоа треба да им биде јасно на граѓаните

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор господинот Слободан Ќосев.

**СЛОБОДАН ЌОСЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Сакам со неколку збора да ги коментирам претходните три закони, односно Предлогот на одлуката за девизната политика и проекција на платниот биланс на Република Македонија за 2001 година, потоа Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за акцизите со Предлог на закон. Тоа го правам од причина што овие два закони и едната одлука се од огромно значење. Тоа се прави реформски закони кои верувам дека ќе допринесат многу за реформите во нашата економија, во реформите на инвестициите и отворањето на нови работни места.

Особено сакам да го потенцирам законот за данокот од добивка, кој исто така е од големо значење затоа што досега фирмите на некој начин ги штимаа своите пресметки несакајќи да искажат голема добивка, затоа што тој данок беше многу голем, а сега секоја фирма ќе ја искаже својата реална економска состојба односно добивката ќе биде реална и истата ќе биде многу пониско оданочена. Таквите фирми кои таквата добивка што ќе биде искажана сите фирми ќе се залагаат да искажат што поголема добивка, затоа што како такви субјекти во економската сфера ќе бидат третирани од банките како високо бонитетни, како кредитно способни и таквите фирми ќе добиваат кредити со овластени каматни стапки и истите со овие потези ќе овозможат раст на својата фирма.

Јас би сакал со неколку збора министерот да појасни со одлуката што ја донесовме за платниот биланс на Република Македонија за 2001 година во смисла на тоа што тој кажа дека увозот ќе биде на некој начин селектиран односно државата ќе уреди какви стоки ќе се увезуваат. Значи ли тоа дека ќе се оди на квалитетен увоз и стоки кои се неопходни за редовна потреба на граѓаните и за стопанството во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Законот по точка 15, како и другите од пакетот закони што ги имаме од Министерството за финансии на оваа седница просто кажано народски заслужуваат да зборуваме и да ги фалиме со денови во знак на нивна поддршка и афирмирање пред македонската јавност. Сите знаеме дека кога едно прашање од ваков или сличен интерес доаѓа од страна на опозицијата таа тоа со денови го прави и со денови имаме расправии помеѓу нас. Понекогаш можеби се многу повешти од нас кога треба да афирмираат некој свој проект, но ние нема потреба со денови да ги фалиме овие закони односно овие проекти. Мислам дека треба како гарнитура која што ја продолжува Владата да продолжиме во еден манир кој што е добро познат на македонската јавност односно да носиме закони кои што го подобруваат квалитетот на живеачка на граѓаните, а без многу маркетинг граѓаните многу брзо ќе можат да се уверат дека нивниот живот навистина станува подобар со ваков тип на закони односно со вака креирана политика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, господин министер за прв пат во Парламентот како пратеник со долг стаж имаме прилика пред јавноста да поздравиме нешто храбро. Ова е храбро од Владата затоа што храбро влезе со носење на предлогот на мерките и пакет законите кои одат над курсот за реформите. Овој Парламент за прв пат носи вакви олеснителни околности на сите даночни обврзници, на сите граѓани, на фирми на стопански субјекти со што им овозможуваме, олеснување да живее стопанството, да живее земјоделието, да се направи раст во производството. Ние од Либералната партија го поздравуваме овој предлог на мерки и овој пакет на закони кои ги предлага Владата на Република Македонија и цениме дека ова ќе биде еден импулс повеќе за отворање на нови работни места. Она што боде во очи на јавноста е тоа што малку се дава значење на оваа проблематика. Сведоци сме дека нон стоп се занимаваме со штрајкови, нон стоп со изнудуваше, испаѓање на улици. Мислам дека на оваа проблематика треба да се поработи. Министерството треба оваа проблематика добро да ја обнароди и да ја обзнани пред граѓаните на Република Македонија и да се покажат ефектите. Сигурно дека ова треба да биде една иницијатива и чекор повеќе за Владата да оди на курсот за реформи и оние што се најмногу загрижени и она што најмногу ги интересира граѓаните е дали во Република Македонија ќе дојде до намалување на невработеноста во Република Македонија.

Мислам дека овие мерки треба да дадат ефект во втората половина на годината и Министерството за финансии, како и Владата треба да работат на овие предлог мерки за да се објасни работата како на индивидуалните земјоделци, така на стопанствениците, на фирмите во делот за царинските стапки, олеснување, но ефектите треба да се видат во втората половина на годината каде што треба да се направи големи забрзувања во делот на невработеност. Тоа прашање ни виси на нас секојдневно и голема тежина дава на севкупното живеење и односите во Република Македонија, како политичките така и економските.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, се наоѓаме пред донесувањето на Законот за царински тарифи и вредно е покрај толку изгубеното време да кажеме некој збор, бидејќи навистина заслужува внимание. Иако според самиот наслов измени и дополнувања на царински тарифи, значи од времето на постоењето на царините кога во нивната држава влегувале туѓи лица и т.н., царините добивале соодветен данок или ги глобеле. Тоа значи дека денес иако имаме современи држави, современо управување сепак една држава без разлика дали странец добро ја познава или не ако го земе овој закон за царински тарифи доволно ќе утврди каква стопанска или економска политика води земјата без разлика дали доволно ја познава таа земја. Мислам дека овој потез што денес го прави Владата со низата реформски закони и со донесувањето на овие закони и одлуки ќе има позитивен ефект во Република Македонија.

Но, сепак јас мислам дека не е доволно само да се донесе ова изменување и дополнување на законот за царински тарифи, туку треба да се популаризира и пред јавноста во Република Македонија до крај да се образложат сите овие попусти што ги прави Владата да добијат една јавност во државата и со тоа да може народот да сфати каде оваа Влада го води стопанството на Република Македонија.

Исто така уверен сум дека не е доволен само овој закон. Ние имаме и посебна царинска служба која треба да биде во тесна корелација со Владата и треба до крај да се испочитуваат мерките и на самата граница да се воведат. Со тоа ние ќе имаме максимално полнење на Буџетот преку царините, но ако тука ни се одливаат некои работи мислам дека голем дел ќе промашиме. Затоа господине министер заедно со Управата за царинско работење почесто треба да координирате за да можеме да добиеме максимални резултати од она што ние денес го правиме со овој закон за царинските тарифи.

Исто така јас сум убеден дека одредени субјекти на стопанството во Република Македонија нема да бидат до крај задоволени со овие измени и дополнувања, меѓутоа, сепак сум убеден дека она што ние го правиме со Владата и со амандманите што по оваа расправа ќе ги поднесеме и ќе

бидат усвоени мислам дека максимум за овој период од годинава ќе бидат доволни, а понатаму во зависност од тоа како ќе се движат овие нешта и стопанските и економските движења во Републиката јас мислам дека Министерството за финансии максимално ќе одговори и понатаму да се движат овие стапки подолу или погоре во зависност од потребите на државата и од политиката која треба да ја води во согласност со отворањето на нашиот пазар и штитењето на нашите производи и производството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор министерот за финансии господинот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сакам уште еднаш да потенцирам дека Владата на Република Македонија со Предлогот на Законот за измена на царинската тарифа се откажува во името за помош на стопанството во Република Македонија, од една милијарда и 200 милиони денари или околу 40 милиони германски марки. Финансиски гледано толку го чини Буџетот намалувањето на царинскиот тарифник. Тие 40 милиони марки ќе останат во стопанството, во компаниите, кои едноставно нема да ги платат на Буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа.

Ве молам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 56 пратеници гласаа, 54 пратеници гласале за, двајца се воздржани и никој не гласал против.

Молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Имаме кворум. Тоа значи дека гласањето важи.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам да гласаме.

62 пратеници гласале од кои 59 пратеници гласале за, двајца биле воздржани и 1 гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на Глава 20, за додавање нова тарифна ознака 2009 11 99 00, по тарифната ознака 2009 11 91 00 и на Глава 20 за бришење на тарифните ознаки 2009 11 99 10 и 2009 11 99 90. Глава 20, за додавање нова тарифна ознака 2009 19 90 00, по тарифната ознака 2009 19 91 00 и на Глава 20 за бришење на тарифните ознаки 2009 19 99 10 и 2009 19 99 90.

Глава 27, за додавање нова тарифна ознака 2710 00 39 00, по тарифната ознака 2710 00 37 00 и на Глава 27 за бришење на тарифните ознаки: 2710 00 39 10 и 2710 00 39 90 и на Глава 28. на тарифната ознака 2815 12 00 00.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на Глава 2 по тарифниот подброј 020727, Глава 3, во тарифната ознака 0305 30 50 00, Глава 11, по тарифните ознаки 1102 20 10 00 и 1103 13 10 00, Глава 20, по тарифните ознаки 2008 30 11 00, 2008 30 31 00, 2008 40 11 00, 2008 40 21 00, 2008 50 11 00, 2008 50 31 00, 2008 70 11 00, 2008 70 31 00, 2008 80 11 00, 2008 80 31 00, 2008 99 11 00 и во третото расчленување во тарифниот подброј 200892. Второто расчленување по тарифните ознаки 2008 92 10 00, третото расчленување по тарифните ознаки 2008 99 23 00 и второто расчленување по тарифните ознаки 2008 99 34 00, Глава 20 во тарифните ознаки 2008 99 46 00, Глава 21 во тарифната ознака 2101 11 19 00. Глава 23 во тарифниот подброј 230910, во наименувањето од првото расчленување во ред 4 по тарифната ознака 1702 40 90 00, се додава 1702 90 50 00. Глава 23 во тарифниот подброј 230990, по тарифната ознака 2309 90 20 00, во второто расчленување по тарифната ознака 1702 40 90 00, за додавање 1702 90 50 00, Глава 27 во тарифната ознака 2710 00 15 00, Глава 27 во тарифната ознака 2710 00 45 00, Глава 27 во тарифната ознака 2710 00 72 00, Глава 27 во тарифната ознака 2710 00

83 00, Глава 27 во тарифната ознака 2711 13 30 00, Глава 29 во тарифната ознака 2909 30 35 00, тарифната ознака 2921 51 11 00, и во тарифната ознака 2930 90 50 00, Глава 40 во тарифната ознака 4012 10 30 00, Глава 48 тарифна ознака 4804 39 90 00, Глава 62 за додавање нова тарифна линија по тарифната ознака 6211 42 10 00, Глава 72 тарифна ознака 7211 23 51 00, Глава 73 во наименувањето на тарифниот број 7312, Глава 84 во тарифната ознака 8483 30 39 00, во наименувањето за замена на зборовите "одлеано железо и леан челик", со зборот "друго".

Глава 85 во тарифната ознака 8504 90 91 00, во наименувањето за заменување на 8504 40 30 00 и 8504 40 35 00, со 8504 40 20 00. Глава 87 за заменување на зборот "над" со зборот "до". Во наименувањата на тарифните ознаки 8707 90 10 00, 8708 10 10 00, 8708 21 10 00, 8708 29 10 00, 8708 31 10 00, 8708 39 10 00, 8708 40 10 00, 8708 50 10 00, 8708 60 10 00, 8708 70 10 00, 8708 80 10 00, 8708 91 10 00, 8708 92 10 00, 8708 93 10 00 и 8708 94 10 00.

Глава 90 во тарифната ознака 9018 49 90 00 и на Глава 90 во тарифната ознака 9031 90 10 00, во наименувањето за заменување на зборовите "за употреба во цивилни воздухоплови" со зборовите "на инструменти, апарати и машини во тарифниот подброј 9031 80 за употреба во цивилни воздухоплови" и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ристо Спанаков поднесе амандман на Глава 40 за внесување три нови тарифни ознаки 4102 20 90 10, 4012 20 90 30 и 4012 20 90 40, во тарифната ознака 4012 20 10 00 и за бришење на тарифната ознака 4012 20 90 00, и истиот го повлече.

Пратеникот Горанчо Трајков поднесе амандман на Глава 6 за заменување на царинската стапка 5 и на царинската стапка 2 во тарифните ознаки 0601 10 10 00, 0601 10 20 00, 0601 10 30 00, 0601 10 40 00, 0601 10 90 00, 0601 10 90 00, 0601 20 10 00, 0601 20 30 00, 0601 20 90 00, 0602 10 10 00 и 0602 10 90 00 и за менување на царинската стапка 7 со царинска стапка 2 во тарифните ознаки 0602 40 10 00 и 0602 40 09 00 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Латиф Пајкоски поднесе амандман на оддел I Глава 2 тарифна ознака 0202 под тарифниот број 0202 10 00 00, во тарифниот број 0202 31 10 00, под тарифна ознака 0203 21, под тарифна ознака 0203 29 90 00, тарифна ознака 0207 14 10 00 и во тарифна ознака 0207 27 10 00, за тарифна ознака 0207 27 80 00 и на оддел 4 Глава 16, во тарифната ознака 1602 31, во тарифна ознака 1601 39 80 00 и од тарифната ознака 1602 50 10 00, во тарифна ознака 1602 90 98 00, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Слободан Даневски и Латиф Пајкоски поднесоа амандмани во тарифниот број 0402 во сите тарифни ознаки, во тарифниот број 0408 во сите тарифни ознаки, во тарифниот број 0802, во тарифната ознака 0802 20 00 00 и во тарифната ознака 1904 10 30 00, по кои Владата не се произнела.

Кон овој амандман како предлагач се приклучи и Жарко Караџоски и Трајко Гешоски.

Пратениците Жарко Караџоски и Трајко Гешоски поднесоа амандман на Глава 24 во тарифните ознаки 2401 10 60 10, 2401 10 60 20, 2401 10 60 30, 2401 10 60 90, 2401 20 60 10, 2401 20 60 20, 2401 20 20 30 и 2401 20 60 90, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Васил Гаџовски, Крале Спанчевски и Коце Трајановски поднесоа амандман на Глава 35 по тарифната ознака 3506 10 00 00, Глава 39 тарифна ознака 3925 90 10 00, тарифна ознака 3916 20 10 00 и тарифна ознака 3916 20 10 00 и тарифна ознака 3916 20 90 00. Глава 73 тарифна ознака 7318 15 10 00 и на Глава 76 тарифна ознака 7604 29 90 00 и истиот го повлекоа.

Пратеникот Ристо Спанаков поднесе амандман на Глава 40 за додавање нови тарифни ознаки по тарифната ознака 4012 20 10 00 и за бришење на тарифната ознака 4012 20 90 00, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Васил Гаџовски, Крале Спанчевски и Коце Трајановски поднесоа амандман на Глава 45 по тарифната ознака 3506 10 00 00 и на Глава 39 по тарифните ознаки 3916 10 00 00, 3916 20 10 00, 3916 20 90 00 и 3925 90 10 00, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на оддел 1 Глава 2 тарифна ознака 0202, под тарифен број 0202 10 00 00, под тарифен број 0202 31 10 00 во тарифна ознака 0203 21, во тарифна ознака 0203 29 90 00, тарифна ознака 0207 14 10 00 и во тарифна ознака 0207 27 10 00, во тарифна ознака 0207 27 80 00, поднесен од пратеникот Латиф Пајковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 63 картички на пратеници, гласале 56, 12 пратеници гласале за, 2 гласале воздржано, 42 пратеника гласале против.

Ве молам да се утврди точниот број на присутни пратеници.

Гледам дека немаме доволно пратеници.

Ве молам пратениците да влезат во салата да поработиме уште малку.

Сега имаме доволен број пратеници и затоа ќе го повториме гласањето.

Претходното не важеше, бидејќи немаше доволен број пратеници.

Гласале 59 пратеници, 11 гласале за, 2 се воздржале, а 46 пратеници гласале против.

Во салата имаме 64 пратеника, како што ме информираа службите.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот во тарифниот број 0402, по сите тарифни ознаки, поднесени од пратениците Слободан Даневски, Љатиф Пајковски, Жарко Караџовски и Трајко Гешовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, гласале 64, 12 гласале за, 7 се воздржале, а 45 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот по тарифниот број 0408 во сите тарифни ознаки, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Љатиф Пајковски и Трајко Гешовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, гласале 62, 9 гласале за, 8 се воздржале, а 45 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Глава VI за заменување на царинска стапка 5, со царинска стапка 2 во тарифните ознаки 06011000, 0601102000, 0601102000, 0601103000, 060110400, 0601109000, 060120100, 06203000, 0601209000, 06021000 и 0602109000 и за заменување на царинската стапка 7 со царинската стапка 2 во тарифните ознаки 0602401000 и 060240900, поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот во тарифниот број 0802, во тарифната ознака 08022000, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Љатиф Пајковски и Трајко Гешовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, гласале 60, 10 гласале за, 4 се воздржано, а 46 гласале против.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи нема доволен број пратеници, гласањето што го извршивме претходно не важи.

Ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници.

Ве молам повторно да гласаме.

Од 64 присутни пратеници гласале 60, 10 гласале за, 3 се воздржале, 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на оддел 4 Глава XVI со тарифна ознака 160231, до тарифна ознака 1602398000 и од тарифна ознака 1602501000, до тарифна ознака 16002909800, поднесен од пратеникот Љатиф Пајковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. пратеник Љатиф Пајковски.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Господине претседателе, дали се работи за амандманот на оддел 1 глава 2.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се работи за оддел 1, глава 16.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Всушност, овој амандман би сакал малку да го појаснам за што се работи. Имено, се работи за царинска тарифа утврдена при увоз на преработки од месо, конкретно се работи за преработки од живина и со овој амандман се предлага царинската стапка од 20, да се замени со 22.

Образложението ќе го дадам и за останатите амандмани, кои што се поврзани со увезување на месо и месни производи и овие амандмани ги предлагам заради следните причини. Имено, индустријата за производство на полутрајни и трајни преработки од месо, земјата ја чинат над 30 капацитети, од кои 24 се изградени во последните 8 години и истите имаат вкупен капацитет за преработка на месо од 30 илјади тони годишно.

Годишните потреби на земјата од сувомесни производи, се движат околу 16 илјади тони, со што домашното производство го задоволуваме од 60% до 30% во претходните години. И покрај расположивите капацитети за производство на вкупните потреби, 50% се покриваат од увоз, за што се одлеваат над 20 милиони американски долари.

Главна причина за губењето на домашниот пазар и ниското користење на домашните капацитети е изразито неподносливата нелојална конкуренција од увоз, која е условена од цената на влезната суровина во производството.

Имено, при увоз на месо за преработка кое над 75% од потребите е од увоз, нашите преработувачи плаќаат 254% царина и 26 денари по килограм прелевман. Тоа прави на стартот на производството со овие увозни давачки да се неконкурентни на производите од земјите со сопствени суровини, чие производство е субвенционирано, а имаат и извозни стимулации, со кои се покрива нашата заштита, или од земји каде увезуваат суровина, со 8 до 10% царина.

Од друга страна, согласно договорите за слободна трговија без увозни давачки на пазарот се внесуваат над 4.500 месни производи, без увозни давачки. Предлог царинската стапка кај замрзнатото месо, кое согласно Законот за ветерина, исклучиво се користи само за преработка, ќе значи затворање на индустријата за преработка на месо и препуштање на домашниот пазар, само на увозниците, односно на странските производители на сувомесни производи.

Со цел оваа индустрија да продолжи со работење и развој, што е и главен предуслов како потрошувач на месо за развој на домашното сточарство, неопходно е да се прифатат поднесените амандмани, со што ќе се изедначат условите со странските производители во извојување на домашниот пазар, барем од аспект на цената на влезната суровина.

Од друга страна, имајќи ги за цел насоките, кон нужната глобализација во трговијата, за соодветна заштита на нивните крајни производи, нужно е во периодот на прилагодување и припрема за отворен настап на европскиот пазар.

Поради сето ова, предлагам пратениците да го прифатат и овој амандман и следниот кој што следува, а е во врска со увозот на месо и месни производи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г. министер Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сакам да кажам и да потенцирам една работа, почитувани пратеници, во овие измени на Законот за царинската тарифа ќе најдете се, освен зголемување на царината. Со овие измени на законот вршиме само намалување на царината. Тука не може да

се најде и не може денеска да прифатиме зголемување на царините.

Прво, заради тоа што Владата нема намера да врши зголемување на царините и

Второ, заради тоа, дури и да има нужност за такво нешто, согласно договорот за соработка со ЕУ, потребно е прво да отвориме консултативен процес со ЕУ, а подоцна, од кога ќе се заврши тој консултативен процес, доколку се согласи ЕУ, дури тогаш можеме да извршиме зголемување на царината. Тоа е процес кој трае неколку месеци. Тоа е договор, кој што е прифатен од страна на Македонската Влада, кој е потпишан, мислам 1996 година, и се уште е на сила.

Според тоа, ние не можеме да го прекршиме договорот со ЕУ, кој што сега е на сила.

Уште еднаш потенцирам дека Владата овој амандман не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Присутни се 66 пратеника, гласале 62, 4 гласале за, 6 се воздржале, 52 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот во тарифната ознака 1904103000, поднесен од пратениците Слободан Даневски, Љатиф Пајковски, Жарко Караџоски и Трајко Гешовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Присутни се 66 пратеника, гласале 59, 12 гласале, за, 4 се воздржале, 43 гласале против.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение):

Ова се норми, мораме да утврдиме дали имаме доволно пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници, според тоа, резултатот важи.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Глава 20 за додавање нова тарифна ознака 2009 11 99 00 по тарифната ознака 2009 11 91 00 и на Глава 20 за бришење на тарифните ознаки 2009 11 99 10 и 2009 11 99 9 поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници во салата 62 гласале, 7 пратеници гласале за, 7 пратеници гласале воздржано, а 48 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Глава 20 за додавање нова тарифна ознака 2009 19 99 00 по тарифната ознака 2009 19 91 00 и на Глава 20 за бришење на тарифните ознаки 2009 19 99 10 и 2009 19 99 90 поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на Глава 24 во тарифните ознаки 2401 10 60 10 , 2401 10 60 20, 2401 10 60 30, 2401 10 60 90, 2401 20 60 10, 2401 20 60 20, 2401 20 60 30 и 2401 20 60 90 поднесен од пратениците Жарко Караџовски и Трајко Гешовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

И овде имаме зголемување на стапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Караџовски Жарко.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ.**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници, би сакал на кратко да објаснам што е суштината на овој амандман.

Го слушнав образложението на министерот кога претходно кажуваше од кои причинине се прифаќаат овие амандмани, поради цврстите договори со европските фактори, меѓутоа треба да се земе предвид една работа, дека Македонија е на петто место во Европа по производство на тутун од типовите "Прилеп","Јака" и "Џебел". Дека оваа година Македонија очекува вкупно производство од 24 илјади тони. Ако се земе предвид дека Македонија во своите резерви сеуште има залихи од 1998 и 1999 година, а голем дел од овој тутун се извезува, нелогично е да се дозволи увоз со волкава стапка од 30%. Што значи, каде имаме големи залихи, уште да дозволиме поголема можност за увоз на ваков тутун.

И, една друга работа. Во услови кога се води кампања против пушењето, незнам како ќе го решаваме проблемот на производството на тутун. Затоа би апелирал до пратениците да се усвои амандманот со кој што се предлага зголемување на царинската стапка од 30 на 60%, како би се заштитило домашното производство, а би се оневозможил увоз на тутун од овие типови. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници во салата, 62 гласале. 30 пратеници гласале за, 7 гласале воздржано, против гласале 25.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Дали г-динот Караџовски бара поединечно гласање?

Министерот за финансии г-дин Никола Груевски бара пауза за консултација.

Видете, и инаку во 19,00 часот предвидувавме да прекинеме со расправата.

Тогаш, утре ќе продолжиме со работа.

Молам, денеска прекинуваме со расправа, а продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,35 часот).